TITAN USJE

ТИТАН УСЈЕ АД
Бр. 03-921
26.06.2026 год.
СКОПЈЕ

До
Општина Кисела Вода
ул. Петар Дељан 17
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

| Примено: 26-06-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 14 | 6104/1 | - | ✓ |

**Предмет: Барање за објава на огласна табла**

Почитувани,

Во врска со барање за обнова на А-интергрирана еколошка дозвола поднесено од страна на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање не извести за обврската за организирање на јавна расправа, со цел информирање и запознавање на сите заинтересирани засегнати страни.

Врз основа на член 3 од Законот за животна средина како и член 8 став 2 од Правилникот за постапката за добивање А-интегрирана еколошка дозвола, засегнатата јавност освен во еден дневен весник **потребно е да се објави и на огласната табла во Општина Кисела Вода**, каде впрочем и се наоѓа инсталацијата на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје.

Согласно погоре наведеното, Ве молиме да извршите објава на Вашата физичка и електронска огласна табла на ден 26.06.2026 година, со цел исполнување на законските обврски и целисходно и навремено информирање на засегната јавност.

Во прилог го доставуваме текстот за објава на Јавната расправа.

Ви благодариме однапред,

**За ТИТАН УСЈЕ АД Скопје**
**Технички директор**
**Љупчо Дончев**

СКОПЈЕ

Контакт информации
Тања Ставрова Трајкова, тел.071/459-590

Бул. Борис Трајковски 94
1000 Скопје, Република Северна Македонија

+ 389 2 2782 500, Факс: +389 2 2786 390

contact@usje.mk

Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

**О Б Ј А В У В А**

**Јавна расправа за обнова на барање за А – Интегрирана еколошка дозвола**

Согласно член 103, став 4, став 5 и став 6 од Законот за животна средина (Службен Весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и С.В. на Република Северна Македонија бр. 89/22, 171/22 и 3/25), до Министерството за животна средина и просторно планирање најавува јавна расправа за Барање за А-Интегрирана еколошка дозвола со арх. бр. 11-1622/1, 11.03.2026.

**Подносител на Барањето:**

**ТИТАН УСЈЕ АД Скопје, Акционерско Друштво**

**Адреса на седиштето:**

Борис Трајковски 94, Кисела Вода,

1000 Скопје

Република Северна Македонија

**Координати:** 75383 E; 46471 N

**Контакт лице:** Љупчо Дончев,

ljupcod@usje.mk

**Категорија на инсталацијата:**

**Прилог I, Точка 3**

3.1. Инсталација за производство на цементен клинкер во ротациони печки со производен капацитет над 500 t/ден.

**Прилог II, Точка 3**

3.2. Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини.

3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силоси за бетон поголем од 50 $m^3$.

**Вид на активност:** Инсталацијата за производство на цемент.

**Јавната расправа ќе се одржи во хотел Александар Палас на 03.07.2026 год. во 14.00 ч.**

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат во јавната расправа и да ги дадат своите коментари во однос на Барањето за А-Интегрирана еколошка дозвола со арх. бр. 11-1622/1, 11.03.2026 год. кое е достапно на веб страницата на МЖСПП на www.moepp.gov.mk.

Информации во врска со барањето, заинтересираната јавност може да ги добие и во Министерството за животна средина и просторно планирање (e-mail b.tateshi@moepp.gov.mk).